# ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИТЕ РАЗМЕРИ НА КНИЖЕВНИОТ ИСТОРИЗАМ

(Hlavatá, Renáta. 2011. *Fenomén historizmu v myslení o literatúre*. Nitra: Filozofická fakulta Univerzity Konštantína Filozofa)

Во својата научна монографија *Феноменот на историзмот во мислењето за литературата* со поднаслов „Методолошка рефлексија за односот на текстот кон културната и општествената структура“, авторката д-р Рената Хлавата ги проследува поимите „историзам“ и „нов историзам“ не само од гледна точка на книжевната „историзација“ во уметничкото создавање, туку и низ призма на методологијата на новата културно-научна ориентација на книжевната наука во Словачка, а делумно и преку новите мисловни трендови публикувани во западната книжевна наука. И наспроти големата хетерогеност во ставовите за наведените поими, Хлавата се обидува мошне умешно да ги спои врските меѓу филозофијата, историјата, науката за уметноста, лингвистиката и новата форма на културната поетика во еден јазол, притоа анализирајќи што е можно поголем број пошироки општествени соодноси, т. е. земајќи предвид што побројни поразлични аспекти на човечката егзистенција и меморија (историја). Поставена во духот на таквите глобални релации, Рената Хлавата ја потенцира потребата од барање на нови поврзувачки нитки меѓу теоретско-рецепциските пристапи што ги заговараат отвореноста на делото и интерпретациската слобода во применувањето на: компаративниот, културолошкиот, социолошкиот и херменевтичкиот пристап.

Доверливо истражувајќи ја литературата и нејзиниот историски аспект, нитријанската научничка и стилистка Р. Хлавата луцидно ги осветлува новите методолошки позиции и теориски постапки, кои, во сите степени на научното познание, помагаат при откривањето на претходно незабележаните соодноси меѓу *минатото* и *сегашното* во текстот. Со потрагата по нови теориско-рецепциски врски тука се алудира и на можноста за истражување на книжевниот текст како ентитет што подлежи на новото историско секојдневие. Затоа може да се каже дека оваа книга ѝ е посветена на една поширока стручна јавност, која пројавува интерес за различните теории на „историзмот“ во хронолошки след и тоа врз основа на плуралноста на ставовите видени од различна перспектива (книжевно-научна, филозофска, историографска, социолингвистичка итн.).

Со помош на врската *историографија – уметничко творештво – историска свест*, авторката го покажува соодност меѓу историјата и историзмот, меѓу фактите и фикцијата во делото, а воедно потсетува и на *претставувачката активност* на книжевните уметници и на историчарите, кои неретко црпат мотиви од различните филозофските тенденции. Хлавата, всушност, се сосредоточува првенствено врз словачкото книжевно-историско мислење, кое, во тој домен, е богато и е разгрането (за што сведочи и подолгата литература наведена на крајот од монографијата), а чии почетоци датираат од периодот на просветителството на преминот од осумнаесеттиот во деветнаесеттиот век. Токму поради тоа - и методолошка подлошка за тоа сфаќање на историјата на авторката ѝ станал, природно, *натуралистичкиот* и *барокниот историзам.* Сепак, таа се задржува во своето книжевно-историско истражување прилично исцрпно и врз т.н. *романтичарски историзам*, како и врз феноменот на *марксистичкиот историзам,* а во тој правец, последователно, и врз теоријата на книжевната комуникација. При вреднувањето на марксистичката концепција на словачката книжевна историографија се повикува, пред сè, на научното мислење на Станислав Шматлак, кој го сметал *марксистичкиот историзам,* во минатото, за еден од методолошките принципи на сите општествени науки. Во поглавјето, пак, насловено како *Историзмот и новиот историзам на крајот на дваесеттиот век*, Рената Хлавата ги сублимира сфаќањата на различните облици на *историзмот* и *новиот историзам* во најново време, со што, притоа, го подвлекува влијанието на мултидисциплинарноста и глобализацијата, кои, во книжевната теорија, навлегуваат преку традиционалниот премин и вкрстување на: семиотиката, естетиката, лингвистиката, ама и на: антропологијата, политологијата, историографијата, географијата и сл.

Тргнувајќи од девизата дека во современата книжевна наука сè понастојчиво се зборува за местото на *новиот историзам,* како суштинска компонента во поетиката на историската проза и нејзините изведени форми, авторката Р. Хлавата чувствувала, оправдано, потреба да го сврти вниманието и врз новите вредносни пристапи кон поимот *нов историзам* во контекстот на постмодерното време, затоа што досега редовно и речиси константно го поврзува(в)ме него, на пример, со наратолошкиот принцип, *новиот историзам* во американскиот книжевно-научен контекст или пак со историската меморија согледана како дел од оралната историја. Хлавата со право ни докажува дека историзмот го одразува во себе и онтолошкиот аспект во чии рамки се решава и прашањето за самиот карактер на историскиот и на

општествениот процес, на неговата структура и развој. Но, од друга страна, секако, тој го одразува во себе и гносеолошкиот аспект, кој ја истражува специфичноста на историското сознание. Често пати со него се искажува и извесната теориска платформа на историографските концепции. За книжевната наука, историзмот, според авторката, станал вредносен именител за истражувањата, кои, навидум, ја почитуваат индивидуалноста на предметот, при што се откажуваат од какво и да е објаснување и поврзување со тоа дека ги опишуваат фактите. Впрочем, историзмот е променлива појава, па затоа и неговата суштина не може да се дефинира само преку описот на определените основни знаци и карактеристики. Од тие причини и треба да се согласиме со максимата дека книжевноста денес би требало да се толкува и како резултат на интертекстуалната свест на авторите, која повеќестрано се врти кон минатото, но исто така и кон сегашноста – и во различните простори.

Рената Хлавата, заклучно, со книгата *Феноменот на историзмот во мислењето за литературата* понудува информативно-заситен, прецизно-коментиран преглед и продлабочена критичко-научна анализа на *теоријата на историзмот* и неговата примена во поединечните книжевно-развојни етапи во Словачка, но и многу пошироко. Сметаме дека ваквата монографија е особено добредојдена за сите нас, бидејќи акцентирајќи го плуралниот карактер на книжевниот историзам како движење на нелинеарни процеси, постмодерната историографија се залага и за едно ново читање, нова интерпретација, интертекстуалност и дијалог на културите. Таа не го сфаќа книжевниот развој како зависен процес, така што на крајот на краиштата, да речеме, и аспектот на употребата на поимите „континуитет“ и „дисконтинуитет“ се покажува како еден од најстожерните проблеми во разбирањето на книжевно-историскиот материјал. Од методолошка призма, истражувањето неминовно си бара компаративен, контекстуален (споредба и со оглед на културниот и историскиот контекст во кој делото се појавило, но веќе и со оглед на медиумот во кој е реализирано) и динамичен нелинеарен пристап. Во таквиот соднос се менува врската меѓу книжевните и некнижевните околности при интерпретацијата на книжевниот текст и при создавањето на книжевните истории. На тој начин и најдобро ќе се зачуваат неопходните интердисциплинарни размери и во согледбите на книжевниот историзам како феномен на поширок план, што ќе следуваат и што доаѓаат во иднина.

**Звонко Танески**